*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС*
***Одделение за образование***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2019 година глава II Проектни активности, точка 8. Поддршка на проекти од областа на образованието Реализатор Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2018), како и врз основа на Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019 година бр. 09-573/5 од 30.01.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 2/2019), Општина Карпош распишува

# О Г Л А С
## за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019 година

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gordana.zafirovska@karpos.gov.mk*

Правни лица

1. Изработен проект,
2. Финансиски план на проектот,
3. Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните – жители на Општина Карпош
2. Проектот да предвидува вклучување на децата и наставниците од основните училишта во Општина Карпош
3. Краток опис на активностите од претходната година.

## IV. Висина на Финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За финансиска поддршка на проекти од обласа на образованието за физички и правни лица за 2019 година “.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2019 година.

Исплатата на средствата ќе се изврши по завршувањето на изборниот процес.
Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

Општина Карпош